ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 0903-146/14**

**Дата: 29.07.2009**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за труд и социјална политика на РМ (во понатамошниот текст - МТСП) - Сметка на приходи од самофинансирачки активности - заштита на децата, за 2008 година, кои се прикажани на страните 4, 5 и 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на МТСП – сметка за општествена заштита на деца за 2005 година година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Љупчо Мешков, министер, од 31.08.2006 година до 26.07.2008 година
   - Џељаљ Бајрами, министер од 31.07.2008 година

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 25.05-04.06.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Неправилности во искажувањето на позициите на Билансот на состојба**

10.1.1. Спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, дел од објектите со кој располага Министерството за труд и социјална политика односно детско одмаралиште во Тиват, Р. Црна Гора и детско одмаралиште „Пелистер“ – Битола не се сметководствено евидентирани на позицијата Материјални средства. Одмаралиштето во Тиват е проценето од страна на стручен проценител во висина од 147,245 илјади денари додека за одмаралиштето „Пелистер“ – Битола на ревизијата не и беше презентиран доказ за извршена проценка на вредноста. Истото одмаралиште е понудено на продажба согласно одлука на Владата на РМ со почетна цена од 1.058.455 евра. Неевидентирањето на овие објекти има за ефект нереално и необјективно искажување на позициите на Материјални средства и Извори на средства во Билансот на состојба на 31.12.2008 година.

**Препорака**

1. Одговорните лица во министерството да формираат комисија која ќе започне постапка за утврдување на вредноста на градежните објекти на кои не им е проценета вредноста, а потоа неевидентираните објекти сметководствено да се евидентираат и за нив да се пресмета амортизација.

11. Според наше мислење, поради значајноста на прашањето изнесено во точката 10.1.1 финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31.12.2008 година, не ја претставува вистинито и објективно финансиската состојба на Министерството за труд и социјална политика на РМ - Сметка на приходи од самофинансирачки активности - заштита на децата сметка, за 2008 година, додека финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи го прикажува вистинито и објективно резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Министерството за труд и социјална политика - Сметка на приходи од самофинансирачки активности - заштита на децата е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.



***Овластен државен ревизор***

----------------------------

13. **Прифатени и корегирани неправилности во текот на ревизијата**

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на министерството извршени се корекции и тоа:

- Извршено е сторнирање на пресметаната ревалоризација на позицијата Материјални средства во висина од 5,549 илјади денари, како и извршено сторнирање на ревалоризација на амортизацијата во висина од 477 илјади денари и Позицијата Деловен фонд во износ од 5,072 илјади денари.

Корекциите се спроведени со налог за книжење бр. 01-01 од 31.01.2009 година.

14. **Превземени/непреземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2005 година.**

14.1. Со оглед на тоа дека сезонските одморалишта неколку пати со Одлука на Владата на РМ се огласени за продажба и не се во функција, министерството нема постапено по препораките дадени во ревизорскиот извештај од 2005 година.

**Овластен државен ревизор**

Скопје, 29.07.2009 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 345 | 80 |
| Трансфери и донации | 792 | 1,911 |
| **Вкупно приходи** | **1,137** | **1,991** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 476 | 631 |
| Субвенции и трансфери | 29 | 568 |
| **Вкупно тековни расходи** | **505** | **1,199** |
| **Вкупно расходи** | **505** | **1,199** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **632** | **792** |



***Овластен државен ревизор***

----------------------------

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 632 | 792 |
| Активни временски разграничувања | 62 | 59 |
| **Вкупно тековни средства** | **694** | **851** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 507,149 | 512,106 |
| **Вкупно постојани средства** | **507,149** | **512,106** |
| **Вкупна актива** | **507,843** | **512,957** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 62 | 59 |
| Пасивни временски разграничувања | 632 | 792 |
| **Вкупно тековни обврски** | **694** | **851** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 507,149 | 512,106 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **507,149** | **512,106** |
| **Вкупна пасива** | **507,843** | **512,957** |



***Овластен државен ревизор***

-----------------------------